# 7. ВОВЕД

Од самиот почеток, Вебот е замислен како место каде поединци ќе можат да објавуваат различни содржини кои заинтересираните корисници ќе можат да ги најдат и да ги прегледаат. Првобитниот Веб (денес наречен Веб 1.0) се карактеризирал со еднонасочност и пред сè статичност. Тоа значи дека сопствениците на порталите поставувале содржини кои корисниците можеле само да ги прегледаат или преземат. Не постоела можност корисникот да постави свои содржини, како слики, видеа или документи.

Ако стариот и добро познат Веб е **првата генерација** на систем на меѓусебно поврзани хипертекстуални докуметни, Веб 2.0 е втората генерација која неминовно мораше да се појави затоа што потребите на корисниците се менуваа. Веб 2.0 е двонасочен и динамичен затоа што корисникот може да чита, но и да пишува (read and write), и уште поважно да „гласа“ за квалитетот на информациите поставени на некоја веб-локација. Затоа, накратко Веб 2.0 се дефинира како втора генерација на Веб базирана заедница чии членови соработуваат но и споделуваат информации на Интернет.

## 7.1. CMS – СИСТЕМ ЗА МЕНАЏИРАЊЕ НА КУРСЕВИ

Една од новите содржина на Веб 2.0 се CMS (**Course Management System**) системите за менаџирање на курсеви/содржини во електронска форма преку Интернет. Тие се дизајнирани така да обезбедат сигурност во работата со тоа што до содржините на курсевите, најчесто, може да се дојде преку логирање на сопствена сметка (account). Еден од најпознатите CMS системи е **Moodle** (слика 7.1.). Тој припаѓа во групата на отворени и слободни софтвери за кои не е потребна лиценца за користење, што го прави посебно интересен за голем број корисници. Сепак, и покрај предностите, за да профункционира овој систем треба да се совладаат одреден број „технички пречки“ (креирање на динамичка веб-локација, нејзино хостирање на некој сервер, итн). Сетоа ова го прави Moodle да биде релативно неприфатливо решение за масовна имплементација на идеите на Веб 2.0 технологијата во сферата на образованието иако, според можностите, овој систем нуди најмногу решенија за динамичка комуникација преку Интернет.

**Слика 7.1.** Лого на Moodle

Да спомнеме, дека постојат и други CMS системи, како на пример Oracle i-Learning. Овој систем има уште повеќе можности за динамичка коминикација преку Интернет во

однос на Moodle, но затоа побарува лиценца која се обновува секоја година.

## 7.2. БЛОГОВИ

Со цел надминување на финансиските и разни „технички пречки“ во имплементацијата на Moodle или друг CMS систем и негова примена во образованието, како лесно прифатливо решение за менаџирање на електронски содржини преку Интернет се покажала употребата на блогот. Накратко, блогот е личен електронски дневник, во вид на динамичка веб-локација, кој се пополнува и чита преку Интернет. Креирањето на блогот се врши на бесплатни блог-сервери за што е потребно отворање на сопствена сметка и желба да се пишува или коментира според сопствено убедување.

### 7.2.1. Зошто да се користат блоговите?

Првите корисници на блогови на Веб ги пишувале своите дневни доживувања. Денес, улогата на блоговите е релативно променета. И таа еволуирала со текот на времето. Особено се искористени во процесот на рефлексивното учење и како он-лајн алатка за креирање е-портфолио.

Голем број на бесплатни сервиси овозможуваат отворање сметка и креирање на голем број блогови. Некои од овие сервиси се www.blogger.com и wordpress.com. Доколку креирате една сметка, можете да креирате голем број на блогови, па ако сте расположени за користење на блоговите, можете да креирате блог за секој предмет или пак посебен блог за секое одделение. Доколку сакате да го користите блогот во функција на оценувањето, може да ги користите коментарите што учениците ќе ги поставуваат на она што сте го напишале на блогот, или така што и вашите ученици можат да отворат свој сопствен блог(ови) и вие ќе ги користите да добивате информации за нивно напредување.

На блогот може да поставите:

- домашни задачи за учениците;
- соопштенија за учениците или за родителите;
- линкови кон други блогови (учениците да се заинтересираат за одредени теми поврзани со наставните содржини што ги обработувате);
- ваши рефлексии за текот на некој час, активност, за напредокот на вашите ученици и сл.;
- мислења во врска со оценувањето.

Во што е предноста на ваквата комуникација? Во тоа што можете да ја правите во време кое вам ви одговара. Може да се вклучат повеќе учесници (ученици) и всушност имате еден вид „писмена дискусија“. Една од најголемите придобивки од образовниот блогерај е можноста од каде и да било и во кое и да било време да се внесе (постира) рефлексија за наученото, а кој и да било и во кое и да било време да ја коментира вашата рефлексија. Од една страна, наставникот може да ги користи овие рефлексии

како докази за сумативно оценување, а од друга страна, може да ги користи како поле за давање повратна информација (feedback) и за формативно оценување.

### 7.2.2. Проблеми при користењето на блоговите

Со појавувањето на блоговите, а посебно со нивното користење во образованието, се појавија и првите проблеми (пред сè технички) за нивно ефективно користење. Имено, доколку сите ваши ученици креираат свои блогови, во тој случај ви треба навистина многу време за да ги отворите сите блогови, да ги прочитате и можеби да напишете свој коментар. Но, постојат и многу ученици кои сигурно нема да постираат често, останатите ќе постираат во различно време, што само по себе наметнува потреба постојано да ги проверувате сите блогови, што е практично невозможно. Решение на овој проблем е отворање на сметка на некој од бесплатните RSS-агрегатори.

## 7.3. RSS-АГРЕГАТОРИ

Проблемот со следење на постовите од вашите ученици кои се поставени на повеќе блогови, делумно може да го решат RSS-агрегаторите. **RSS - Really Simple Syndication** (многу едноставно поврзување) е едноставен начин за автоматско преземање информации од Веб-локации, во нашиов случај од блоговите. Наместо Вие како наставник да ги посетувате сите ученички блогови за да видите дали на нив се постирани рефлексиите во нов пост, се користи специјален софтвер наречен агрегатор кој новите постови ги прикажува директно.

Еден од најискористените RSS-агрегатори е Netvibes.com (слика 7.2.). И во овој случај станува збор за динамичка веб-локација која функционаира навистина едноставно. Му кажувате на софтверот кои локации, т.е. интернет-адреси да ги посетува и кога овој софтвер ќе забележи дека на некоја од дефинираните адреси се појавил некој нов пост веднаш ве известува вас преку вашата Netvibes-страница. Значи, навистина немате потреба редовно да проверувате кој од вашите ученици напишал нешто ново. Едноставно отворете, т.е. најавете се на вашата Netvibes-страница и таа ќе ве извести за тоа кои ученици постирале рефлексии на дадени блогови.




**Слика 7.2.** Netvibes.com

Секако дека RSS агрегатите функционираат и кога треба да се „пратат“ информациите и на „обични“ веб-локации, како што се оние за вести од науката, политиката, спортот, итн.